РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-3971/3

17-11-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 77-та седница одржана на 14.11.2022 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3971/1 од 14.04.2022 година, со наводи против извршител за незадоволство од спроведена постапка за извршување, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што за случајот постапиле и одлучиле други надлежни органи кои донеле акти во рамките на нивните надлежности.

Предметот со број 12-3971/1 од 14.04.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 14.04.2022 година, поднесена е пријава со наводи за незадоволство од спроведена постапка за извршување и оформен е предмет број 12-3971/1 од 14.04.2022 година. Кон пријавата е доставено и дополнување заведено под број 12-3971/2 од 15.06.2022 година. Подносителот на пријавата наведува дека извршителот ---------- ---------- ----------, во постапката за извршување поради смеќавање на владение, донел Заклучок без за истото да го извести должникот и без да обезбеди докази за наводно преземените дејствија од страна на должникот. Подносителот на барањето, во својство на должник во постапката за извршување, по добивање на предметниот заклучок, поднел Приговор до Основниот суд Куманово, кој постапувајќи по приговорот донел Решение со кое приговорот го одбил како неоснован. Против решението на првостепениот суд, подносителот доставил жалба до Апелациониот суд Скопје. Второстепениот суд по доставената жалба донел Решение со кое ја уважил жалбата, го преиначил решението на Основниот суд Куманово и утврдил дека предметниот извршител сторил незаконитости при спроведување на извршувањето со издавање на заклучокот.

По разгледувањето на предметните наводи и доставената документација во прилог на пријавата, ДКСК констатира дека пријавените активности не се во надлежност на постапување на ДКСК, а подносителот на пријавата ги искористил понудените правни лекови во постапката и се обратил до соодветни надлежни органи - Основниот суд Куманово и Апелациониот суд Скопје, кои постапиле по однос на пријавените наводи и воделе постапка во која донеле решенија во рамките на своите законски надлежности. Подносителот на пријавата ќе се упати по однос на сторените незаконитости од страна на

пријавениот извршител при спроведувањето на извршувањето, да се обрати до Комората на извршители на РСМ.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска